МАКЕДОНСКА РАЗВОЈНА ФОНДАЦИЈА ЗА ПРЕТПРИЈАТИЈА

Partnerët-Shqipëri
Qendra për Ndryshim dhe Manaxhim Konflikti

Проект: "Промоција на женско претприемништво во пограничен регион"

ИЗВЕШТАЈ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО ЗА СОСТОЈБАТА НА ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО ВО СТРУШКИОТ РЕГИОН

Струга, јуни 2011

The Project is supported with the financial assistance of the European Union.
Проектот е поддржан со финансиска поддршка од Европската Унија

1. КОНТЕКСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Македонската развојна фондација за претпријатија (МРФП), во конзорциум со Центарот за управување со промени и кризи (Партнерс Албанија), го спроведува **проектот „Промоција на женско претприемништво во пограничен регион“,** финансиски поддржан од страна на Делегацијата на Европската Комисија во Република Македонија и Делегацијата на Европската Комисија во Република Албанија. Цели на проектот се: **Целите** на ПСА се: **Зголемување на соработката и трговската размена** помеѓу (жените) претприемачи од пограничниот регион, Создавање **поволна околина за развој на бизниси во сопственост и/или управувани од жени** од пограничниот регион и **Промоција на бизниси управувани од жени** од пограничниот регион.

2. ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Целта на истражувањето беше да се утврди **состојбата со женското претприемништво во струшкиот регион**, со цел да се даде оценка за постојната поддршка за жените претприемачи, да се изврши идентификација на главните предизвици за развојот на женското претприемништво и да се дадат препораки за јакнење на капацитетот на жените претприемачи во струшкиот регион, како и препорака за можни активности и сектори за соработка на жените претприемачи во пограничниот регион на Струга, Р.Македонија и Поградец,Р.Албанија.

3. МЕТОДОЛОГИЈА

Истражувањето ги користеше следните инструменти при истражувањето:

- Структурирани интервјуа со релевантни чинители од регионот на Општина Струга
- анкети на идентификуваните жени претприемачи;
- анализи на документи и останати извештаи .

4. ФАЗИ ВО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во периодот од 30 мај до 30 јуни 2011 година во **три фази** се спроведе истражување за состојбата со женското претприемништво во струшкиот регион.

Во првата фаза, се работеше на анализа на достапни документи и податоци за фирмите , се реализираа **интервјуа со претставници на релевантни институции, стручњаци и жени претприемачи** од струшкиот регион.

Во втората фаза изготвен е анкетен прашалник, и**дентификувани се жени препприемачи и извршено е нивно анкетирање**. Во рамките на интервјуата и анкетите извршено е испитување и утврдување на потребите *обуки*.

Во третата фаза подготвен е **Извештај** од истражувањето и резултатите.

5. СОДРЖИНА НА ИЗВЕШТАЈОТ

КОНТЕКСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 2

ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 2

МЕТОДОЛОГИЈА 2

СОДРЖИНА НА ИЗВЕШТАЈОТ 3

ИЗВРШНО РЕЗИМЕ 4

ПРЕГЛЕД НА ПОДАТОЦИТЕ ЗА СОСТОЈБАТА ВО БИЗНИСИТЕ ВО ВО РЕГИОНОТ НА СТРУГА 7

ЛИСТА СО ИДЕНТИФИКУВАНИ ЖЕНИ ПРЕТПРИЕМАЧИ ОД СТРУШКИОТ РЕГИОН СО КРАТОК ПРОФИЛ 9

АНАЛИЗА НА ГЛАВНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ СО КОИ СЕ СООЧУВААТ ЖЕНИТЕ ПРЕТПРИЕМАЧИ ВО РЕГИОНОТ НА СТРУГА 12

АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА – ВРЗ ОСНОВА НА АНКЕТАТА НА ЖЕНИТЕ ПРЕТПРИЕМАЧИ 12

АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА – ВРЗ ОСНОВА НА ИНТЕРВЈУТА НА РЕЛЕВАНТНИ ЧИНИТЕЛИ НА ЗАЕДНИЦАТА 20

ПРОЦЕНКА НА ПОТРЕБИТЕ ОД ГРАДЕЊЕ КАПАЦИТЕТ НА ИДЕНТИФИКУВАНИТЕ ЖЕНИ ПРЕТПРИЕМАЧИ 22

ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО ВО ОПШТИНА СТРУГА 24

СПИСОК НА АНКЕТИРАНИ ЖЕНИ ПРЕТПРИЕМАЧИ 25

СПИСОК НА ИНТЕРВЈУИРАНИ РЕЛЕВАНТНИ ЧИНИТЕЛИ 27

ПРАШАЛНИК ЗА ИНТЕРВЈИРАЊЕ НА РЕЛЕВАНТНИ ЧИНИТЕЛИ 28

ПРАШАЛНИК ЗА АНКЕТИРАЊЕ НА ИДЕНТИФИКУВАНИ ЖЕНИ ПРЕТПРИЕМАЧИ 29

ПОДАТОЦИ ЗА НЕВРАБОТЕНОСТА ВО ОПШТИНА СТРУГА 34

ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Истражувањето за состојбите во женското претприемништво во Струшкиот регион реализирано е во соработка со локалните фирми водени од жени претприемачи во Општина Струга како и претставници на локалните власти(општина, Совет, подрачни единици на министерства), агенции, граѓански организации, банки и образовни институции.

Реализацијата се спроведе во неколку фази и тоа **анализа на достапни документи** на локално, регионално и национално ниво, изработени од Општина Струга, Агенцијата за вработување на РМ и Агенцијата за подршка на претприемништвото на РМ, како и ГТЗ РЕД, со цел општа и локална перцепција на состојбите.

Податоци за состојбите во локалните бизниси на жени претрпиемачи се изработени врз основа на увидот во статистиката на Општина Струга, подрачната единица на Министерството за Пензиско и здравствено осигурување, Агенцијата за вработување на Р.Македонија-Струга , како и податоците добиени од Заводот за статистика на Р.Македонија.

Во општина Струга регистрирани се 3503 невработени жени, од кои 1.518 се на возраст од20до 29 години, 2010 невработени жени се без квалификација, 622 се жени со средно образование а 331 со завршен факултет.Од вкупниот број на невработени жени 414 чекаат на вработување 7 години а 709жени се невработени повеќе од 8години.

Во Струшкиот регион, вработени се вкупно 3.704жени.Од 284 регистрирани земјоделци само 88 се жени, од 129 самостојни занаетчии само 21 се жени. Корисници на социјална помош се 76 жени од 131 приматели.

Според добиените податоци неможе подетално да се утврди точно бројот на бизнисите во сопственост или кои се управувани од жени. Евидентно е дека жените и според бројот и според структурата на образование и време на чекање се во многу понеповолна состојба од мажите во Општина Струга по основ на вработеноста. Од спроведените анкети и интервјуа добиени се информации дека жените како сопственици или управители на фирми се јавуваат најчесто во трговијата и тоа со текстил, потоа во угостителство, финансискиот консалтинг, здравствените и стоматошки ординации, фармацевтски продавници, услужните дејности (фризери, козметика), производство на текстилни производи, приватни станоиздавачи и друго. Најчесто работат во семејни бизниси. Но во повеќе случаи жените се само наведени како управители но формално со нив управуваат нивните мажите.

Изработен е прашалник за интервју и реализирни се 27 **интервјуа со претставници на релевантни институции**, стручњаци и жени претприемачи од струшкиот регион. Опфатени се раководителите на сектори и членови на Совет на Општина Струга и релевантни комисии, претставници на јавни претпријатија, водечки локални фирми(хотели) и банки, средношколски и универзитетски професори,релевантни граѓански организации) и високи претставници на организации кои работат во регионот - меѓународни(ГТЗ) и национални организации(Центар за развој на ЈЗПР, ЕСА), раководители на подрачни единици на министерства во Струга, претставници на Агенција за Вработување, Агенција за подршка на земјоделството, Агенција за промоција и подршка на туризмот; со цел да се добијат специфични информации за состојбата со

бизнисите и препораки за активности и бизниси во сопственост и/или управувани од жени во регионот на Струга. Од интервјуата идентификуванисе проблемите на ниското ниво на едукација за претприемачки активности, патријахалните односи , затвореност на локални пазари, слабата промоција и отежнатиот пристап до капитал. Евидентно е дека во локалнта економија има тренд на стагнација и опаѓање кај постоечките бизниси, но и добра адаптација и пораст во работењето на малите текстилни фирми, зголемување на бројот на туристи од европските држави, но и намалување на бројот на домашни туристи. Најповолните можности за економски развој се во сферата на туризмот, текстилна индустрија, производство на земјоделски производи и преработка, сточарство, производство на риба. Затоа е потребно е да се подобри локалната инфраструктура, да се подигне нивото на хигиена и уредување на туристичките локалитети, да се интензивира промоција на локалните бизниси и туристички потенцијали. Деловна соработка со Р.Албанија моментално имаат бизнисите од градежништвото и трговијата. За поголема соработка потребни е воспоставување на редовни деловни контакти меѓу локалните бизниси, иницирање на деловни мрежи на ниво на кластери, промотивни активности – регионални саеми и изложби, но исто така поребно е да се интензивира изградбата на патната и железничката инфраструктура . Најбрзи и најефикасни резултати би можело да се постигнат во трговијата и туризмот, како и транспортот на стоки и производи.

Во втората фаза (која паралелно се имплементираше) изготвен е анкетен прашалник, извршена е поширока идентификација на адекватни лица, извршен е првичен контакт со цел да се мотивираат за соработка и да се идентификуваат субјектите за соработка. И**дентификувани се 52 а анкетирани се 38 жени претприемачи, во различни дејности како и претприемачи** кои активно се занимаваат со деловни активности во пограничниот регион со Албанија. Најголем дел од жените претприемачи 80% се на возраст од 29-49.Половина од анкетираните се со средношколско образование а 45% се со завршен факултет. Една четвртина од анкетираните жените претприемачи неучествувале на ниту една обука.

Скоро 82% од жените претприемачи се во брак ,од кои 23% имаат 2 деца. Кај повеќе од половината (58%)водат грижа за децата заедно со партнерот. Кај 3/4 од анкетираните обврските за грижата за домот ја делат со партнерот. Просечно 50% од жените претприемачи поминуваат помеѓу 8-10 часа на работа. Повеќето од слободното време го посветуваат на домот и семејството, што ни покажува дека жените имаат многу малку време за себе.

Половина од број на фирми на жените претприемачи се отворени после 2001.Во време на започнување со сопсвен бизнис жените во најголем дел биле на возраст од 18-28 г. 45% и од 29-39 г. 45%. Најголем дел го продолжиле веќе започнатиот семеен бизнис, додека 29% започнале бизнис со својот брачен другар. Според бројот на вработени 80% од фирмите на жените претприемачи се микро претпријатија , додека според големината на обрт на средства 27% се мали претпријатија. Најголем дел отпаѓаат на трговија 38%, туризам 17%, угостителство 10%, 7% здравств, 5%фармација и други. Во фирмата извршуваат активности од сферата на управување и администрација ,комерција, финансии, логистика и организација на производство.

Повеќето жени претприемачи започнале со свој бизнис за да обезбедат с-ва за егзистенција за семејството 46%. Капиталот за почеток на бизнис го обезбедиле од банките 28%, додека 23% вложиле свој личен имот. Долгорочни кредити користеле 44% а краткорочни 22% од претприемачите. Кредитите ги користеле за инвестирање 53% и за обртни средства 23% . Моменталната состојба во работењето е вов фаза на стагнација 45%, а кај 37% има пораст.

Жените претприемачи не ги посочуваат како значителни проблеми немањето на самодоверба, недостаток на информации, знаење и искуство, како и проблемот на

дискриминација. За нив најголеми се проблемите со немање квалификувана работна сила, законската регулатива и даночната политика како и недостатокот на финансиска подршка наниво на држава и недостапни извори за финансирање.
Како други значајни проблеми жените претприемачи ги потенцираат проблемите со ликвидноста и наплатата44% и слабата посетеност на туристичките капацитети 25%.
Како други проблеми спомнати е проблемот со нелојалната конкуренција.
За подршката од општината 84% одговориле дека воопшто ја нема а 11% дека е многу мала. Најголема подршка претприемачите добиле од банките, граѓанските организации, приватните советодавни консалтинг фирми и деловните здруженија и стопански комори. Од тоа 35% отпаѓа на обуки, 30% на финансиска помош и 20% информации.
Повеќето од жените претприемачи многу ретко соработуваат со бизниси од прекуграничниот регион(50%). Најголема соработка има со регионот на Тирана и Драч. Дури 26% од анкетираните воопшто немаат посетено ниту еден регион во Р.Албанија, а и оние кои патувале најповеќе патувале за туризам. Додека сите испитаници одговориле дека се заинтересирани за деловна соработка со претприемачи од Р.Албанија.
Локалните бизниси би соработувале во сферата на трговија 39%, туризам 26%, здравство 11%,и градежништво, услуги и инвестиции 5%.
Предностите на локалните бизниси на жените претприемачи се во најголема мерка конкурентните цени на и високиот квалитет на производи како и користењето на ИТ и интернетот за лесно воспоставување на комуникација. Друга битна предност би била близината на пазарот.
Различните општествени, културни и религиозни ставови жените претприемачи воопшто не ги гледаат како пречка, а слабата комуникација со прекугранични партнери и бизнис мрежи и недоволното искуство во меѓународното работење ,претставува значаен фактор.
Најевидентна пречка за голем број од бизнисите е непознавање на јазикот
Најголеми би биле придобивките во делот на размена на знаење и искуства, потоа зголемување на профитот, зголемениот обем на работа и креирањето на нови работни места. Најлесно би се воспоставиле активностите за размена на информации, знаење и технологии , заеднички настап на саеми и пазари и увоз на репроматерјал.
Локалните фирми на жените претприемачи најповеќе би работеле на заеднички увоз и извоз, трговија, продажба на свои производи и туристички капацитети. На прашањето дали би учествувале на обуки и воспоставување на деловна соработка со бизниси од Р.Албанија 95% од бизнисите на жените претприемачи одговориле потврдно.

Во рамките на интервјуата и анкетите извршено е **испитување и утврдување на потребите за градење капацитет** за жените претприемачи, посебно од областа на потребните обуки. Според нив најпотребни се обуките за: Развивање и проширување на работењето/производите/услугите, Маркетинг настап на пазарот, Продажни вештини, деловна комуникација и преговарање и деловни аспекти на работењето.
Од институциите за подршка беше идентификувана потребата за обуки во делот на проценка на сопственото работење, деловна кореспонденција, маркетинг и промотивни активности и други основни обуки од областа на претприемништвото.

ПРЕГЛЕД НА ПОДАТОЦИТЕ ЗА СОСТОЈБАТА ВО БИЗНИСИТЕ ВО ВО РЕГИОНОТ НА СТРУГА

Во оваа фаза се изврши увид во повеќе релевантни документи, извештаи и истражувања како би се добиле генерални перцепции за состојбата, предизвиците и проблемите во сферата на претприемништвото и посебно во женското претприемништво во регионот на Општина Струга. Од изработените документи во Општина Струга анализирана е Стратегијата за развој на Општина Струга 2007-2011/Профил на Општината со податоци за состојбите и Акциониот план за Вработување 2009-2011со посебен осврт на Анализата на пазарот на трудот. Од Германската Агенција за техничка помош ГТЗ добиен е увид во извештајот за Проценка за рамката за деловно работење во југозападниот регион во кој припаѓа и Струга, како и Анализата на потребите од обуки во малите и средни претпријатија која ја изработила Агенцијата за подршка на претпиемачите во Р.Македонија во 2010г.
Исто така со цел да се добијат податоци за бизнистите кои се активни во Општина Струга, видот на бизнисите, големина, гранка на дејност, број на бизниси кои се водени или управувани од жени , како и бизниси во кои жените учествуваат во управувањето, бројот на вработени и невработени лица, со посебен осврт на жените, се спроведоа сет на активности, состаноци и реализираа контакти за добивање на овие податоци.

Од Заводот за Статистика на Р.Македонија во Скопје добиени се податоци за бројот на население и негова структура, податоци за бројот и структурата на бизнисите, дејностите, нивната големина и други податоци.

	Вкупно	0-9	10-19	20-29	30-39	40-49	50-59	60-69	70-79	80+
Струга										
Вкупно	64 287	6044	11840	5488	9509	9176	6882	3990	2791	854
Мажи	31 989	3766	6036	6065	4730	4560	3429	1800	1225	374
Жени	32 298	3590	5804	5809	4779	4616	3453	2190	1566	480

Населени по старосна и полова структура

Од вкупно 2.061 регистриран субјекти по сектори , според НКД Рев.1, состојба од 31.12.2009г, во секторот Земјоделство, шумарство регистрирани се 50 субјекти, во рибарство 7, во рударство и вадење камен 2, во преработувачка индустрија 173, во градежништво 205, во трговиј на големо и мало 914, регистрирани се 194 хотели и ресторани, 2 субјекти за снабдување со електрична енергија, 173 за сообраќај, 8 за финансиско посредување, 104 во врска со активности за недвижен имот, 5 јавна управа, 22 образование, 84 во здравство и социјална работа и 118 во други комунални и културни активности.

Активни деловни субјекти по големина					
	Вкупно	микро	мали	средни	големи
Струга	2 061	1 277	776	7	1

Од Агенцијата за Вработување на Р.Македонија-Струга, добиени се податоци за бројот на невработени лица -жени од општина Струга во однос на нивна етничка, старосна и образовна структура. Од тука произлегува дека во Општина Струга има вкупно 8.959 невработени лица од кои 3503 се жени, од кои 1.518 се на возраст од20до 29 години, 2010 невработени жени се без квалификација, 622 се жени со средно образование а 331 со завршен факултет.Од вкупниот број на невработени жени 414 чекаат на вработување 7 години а 709жени се невработени повеќе од 8години.

Според подрачната единица на Фондот за Пензиско и здравствено осигурување во Општина Струга, вработени се вкупно 10.026лица од кои 3.704жени.Од вкупниот број на регистрирани земјоделци 284 само 88 се жени, додека од вкупниот број самостојни занаетчии 129 само 21 се жени. Од податоците за бројот на корисници на социјална помош евидентно е дека 76 приматели се жени од вкупниот број на 131 примател на социјална помош во Општина Струга.

Според сите овие извори неможе подетално да се утврди точно бројот на бизнисите во сопственост или кои се управувани од жени. Сепак овие податоци во голема мерка представуваат добра појдовна основа за да се утврдат генералните состојби во претприемачкиот сектор во Општина Струга. Евидентно е дека жените и според бројот и според структурата на образование и време на чекање се во многу понеповолна состојба од мажите во Општина Струга по основ на вработеноста. Исто така жените и во многу поголем процент учествуваат во групата на корисници на социјална помош во што се огледа дека поголем е бројот на жени кои се оставени сами да се грижат за себе и за егзистенцијата на својата фамилија и потешко се справуваат со проблемите на транзицијата. Според искуството на раководителите на наведените институции од кои ги користевме податоците, но и од интервјуираните релевантни претставници на заедницата, жените како сопственици или управители на фирми се јавуваат најчесто во трговијата и тоа со текстил, потоа во угостителство, финансискиот консалтинг, здравствените и стоматошки ординации, фамрацевтски продавници, услужните дејности (фризери, козметика), производство на текстилни производи, приватни станоиздавачи и друго. Пред се тоа се семејни бизниси. Но исто така има случаи каде жените се само наведени како управители но формално со нив управуваат нивните мажите. Жените исто така ги има во повеќе неформализирани бизниси, кои ги работат дома и тоа во подготовка на прехрамбени производи (торти, колачи, пецива), домашни ракотворби(везење, плетење, ткаење, сувенири) и друго.

ЛИСТА СО ИДЕНТИФИКУВАНИ ЖЕНИ ПРЕТПРИЕМАЧИ ОД СТРУШКИОТ РЕГИОН СО КРАТОК ПРОФИЛ

Во втората фаза извршена е поширока идентификација на адекватни субјекти за потребите на истражувањет. Идентификацијата е извршена врз основа на препораките од интервјуата на релевантните чинители /представници на локални институции, агенции, подрачни единици на министерства, НВО и образование, кои посочија локални претприемачи кои се позначајни во нивната дејност, кои предходно соработувале со институциите за подршка, кои активно се занимаваат со деловни активности во пограничниот регион со Албанија но исто така и врз основа на увид и непосредни контакти на терен.

Направени се првични посети на фирмата/лицето или телфонски се контактирани со цел да се мотивираат за соработка и да се идентификуваат оние кои би сакале да партиципираат во проекот. Врз основа на предходна согласност/потврда договорени се термините за нивно анкетирање . Идентификувани беа 52 жени претприемачи, а анкетирани се 38, и тоа во областа на трговија, здравство, производство на текстил, метални производи, хартија и полиестер, и од секторот туризами и угостителство и др .

Р.б	Име и презиме	фирма	Дејност	Опис на фирмата и позицијата	позиција	Големина
1	Adurime Dauti	Expresteks - Струга	Текстилна компанија	Мала компанија лоцирана во Индустриска зона п-во на текстилни производи (долен веш)	зам.директор	мало
2	Perjan Lusho	Apartmani Regata	Туризам	Кафе Регата, издавање на апартмани , опрема за јахти – локација МАшка плажа	управител	неформа лизирано
3	Rivida Spaho	дооел „ХАНА“	бои и лакови	дистрибутер за бои и лакови и друга опрема за домување, увоз од Турција	одговорна за продажба	микро
4	Ана Наумоска	Печатница ЛИК	Печатница	печатење на разни видови матерјали во различни димензии, промотивни матерјали, постери, календари, канцелариски документи -	зам. директор	микро
5	Ана Ојлеска	Цвеќарница АНА	Трговија	продажба на цвеќе и украсни производи локација кај црквата	управител	микро
6	Анита Гагоска	Гаго продукт	обработка на метал и п-во на машини	п-во на машини за пакување и изработка на метална галантерија, изработка на делоив по нарачка на дребонг	зам. директор	микро
7	Аџиоска Јованка	„То-КИ“	ИТ и мобилна телефонија	продажба , поравка и сервисирање на мобилни телефони(декодирање, сателитска телевизија и мрежни уреди .)	управител	микро
8	Бакраческа Царева	Џезо Комерц	Трговија	п-во и трговија на паковен матерјал, хартија за хигиена во разни димензии, средства за лична хигиена и хигиена во домот на големо и мало	Финанс. раководител	мало

9	Билјана Мукоска	Апартмани L&T	Туризам	издавање на апартмани –уристичка населба Езерски лозја	управител	неформа лизирано
10	Весна Митоска	Ресторан „Антика“	угостителство	Ресторан во центарот на Струга,покрај ректа кај дрвениот мост	управител	микро
11	Весна Стојоска	Цвестон	Трговија	трговија со текстилни производи , цвеќе и украсни производи, мрежа на продавници во Струга2 и Охрид 1	зам. директор	мало
12	Викторија Симакоска		Сувенири	про-во на уметнички дела (сувенири) од срма	изработка продавач	неформа лизирано
13	Драгица Стојаноска	Проминг - Струга	градежништво	Производство на бекатон плочки и др.павер елементи, застапник за хидо адитиви матерјали за градежништво	зам. директор	средно
14	Ѓулшен Спахо	Бутик Спахо	Трговија	трговија со текстилни производи- бутик, увоз од Турција	управител	микро
15	Елена Угреновиќ	Хотел Монтенегро	Туризам	сместување и ресторански услуги	директор	мало
16	Ирина Гоџо	кафе Синема	угостителство	кафер ресторан во центарот на Струга	управител	микро
17	Јованоска Катерина	Приватно сместување	туризам	изнајмување на апартмани, приватно смесување лоцирани до реката црн Дрим	управител	неформа лизирано
18	Јоланда Дуни	Дуни ФАрм-	здравство	апотека и регионален застапник за лекови и фармацевтски производи	директор	микро
19	Катерина Наумоска	Дора Арт	Проектантско биро	проектирање на проекти од градежништво и проекти за ентериер	проектант	микро
20	Костојчиноска Менка	КМ консалтинг	консалтинг	стечајни постапки на позначајни стопански капацитети од Струга(информации за потенцјали инвеститори)	директор	микро
21	Крстаноска Аница	ТА АУРА треавел	туризам	Туристичка Агенција-Туристички аранжмани и авио билети	директор	микро
22	Лидија Коваческа	Унипласт	п-во на производи од полиестер	п-во на киосци, резервари, чамци, елементи за канализација и водовод , базени во различни големини и др.полиестерски производи	зам. директор	мало
23	Миранда ШАини	Дентал ЕМ	здравство	изработка на порцелански навлаки и забала, единствени во регионот	директор	микро
24	Мирјана Шикоска	Тимст	Метална индустрија	изработка на печки на дрва и камини за вградување, парни котли (извозно орјентирани – француска лиценца)	директор	мало
25	Монализа Мучева	МИС Ком	картонажа	П-во на картонска амбалажа и парковен матерјал(најголем капацитет во регионот)	директор	средно

26	Наташа Жупаноска	Беладона Фармација	здравство	продажба и застапништво за лекови и фармацевтски производи од УСА и Европ. Производители	директор	микро
27	Наташа Хиохи	Хотел Солферино	туризам	Хотелско сместување и ресторан, услуги за организирање на семинари , веднаш до плажата	директор	мало
28	Оливера Пауноска	Спорт КАфе Паун	угостителство	кафе ресторан и спортска кладилница	Зам. управител	микро
29	Силвана Илкоска	Силви Стил	Текстилна компанија	производство на трикотажни текстилни проезводи- пижами и долен веш	директор	мало
30	Снежана Угриноска	Пицерија „Ангела“- Струга	угостителство	пицерија-ресторан на кејотна Црн Дрим	зам. директор	Микро
31	Софија Гоџоска	Ангор дооел	ИТ галантерија и тонери	Набавка и вградување на тонери и ИТ галантерија (увоз и продажба преку е-продавница)	зам. директор	Микро
32	Татјана Стерјова	ТНТ Еквитекс	трговија	трговија со текстилни производи од увоз	директор	Микро
33	Трајанка Дишлиоска	Таци Апартмани	туризам	издавање на апартмани	управител	неформа лизирано
34	Фериде Спахо	Lege Artis	здравство	заботехничка ординација	директор	Микро
35	Чуркоска Алиса	Норвекс-Импекс	трговија	трговија со опрема за лови риболов	рак.продав ница Струга	микро
36	Наташа Прентоска	Ирис Дент	здравство	детска стоматологија	управител	микро
37	Жаклина Карамачоска	Квантум Екс-Клио	малопродажба	сувенири од рачна изработка, традиционални занаети и книги и монографии за туристи	управител	микро
38	Шулеска Билјана	Шуле-пром	прехрана	продажба на месо и месни производи за хотели, ресторани и домаќинства	управител	микро

АНАЛИЗА НА ГЛАВНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ СО КОИ СЕ СООЧУВААТ ЖЕНИТЕ ПРЕТПРИЕМАЧИ ВО РЕГИОНОТ НА СТРУГА

За да се добијат порелевантни податоци анализата е поделена на два дела и тоа дел на анализа на состојбата врз основа на мислењето на жените претпериемачи и анализа на состојбата врз основа на согледувањата на релевантните чинители. Ова е направено со цел да се добие споредбен увид во тоа како секторот за подршка ја обсервира состојбата во работењето на жените претприемачи и за тоа како претприемачите гледаат на подршката која ја добиват од релевантните институции.

АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА – ВРЗ ОСНОВА НА АНКЕТАТА НА ЖЕНИТЕ ПРЕТПРИЕМАЧИ

За потребите на анализата изработен е анкетен прашалник идефинирани се прашањата и параметрите кои ќе се анализираат. Врз основа на добиените одговори во продолжение се образложени наодите на анализата:

А.Лични податоци

1.Возраст во време на испитувањето

18-28	29-39	40-49	50-59	60 и повеќе
2	15	16	5	0
5,26%	39,47%	42,11%	13,16%	0,00%



Најголем дел од жените претприемачи во моментот на испитувањето се на возраст од 40-49години и тоа 42% и на возраст од 29-39 со 39,5% застапеност.

2.Формално образование

Основно образование	Средно образование	Виша	Висока	После дипломска
0	19	1	17	1
0,00%	50,00%	2,63%	44,74%	2,63%

Половина од анкетираните се со средношколско образование а 45% се со завршен факултет.

3.Неформално образование

Курс за јазици	Обука за работа на компјутери	Претприемачки вештини	Комуникациски вештини	Стручни семинари	Без формално образование
15	13	9	3	16	9
23,08%	20,00%	13,85%	4,62%	24,62%	13,85%

Само 9 жените претприемачи неучествувале на нитуедна обука, што според релативна застапеност што преставува скоро ¼ (24,3%) од вкупниот број на испитанички. Ова ни покажува дека другиот дел од жените учествувале на повеќе од една обука.





4.Брачен сатус,број и старост на децата

Мажена/вонбрачна заедница	Немажена
31	7
81,58%	18,42%

Скоро 82% од жените претприемачи се во брак ,од кои 23% имаат 2 деца, додека13% едно дета. Просечната старост на децата кај жените кои имаат 2 деца изнесува 15 за првото и 20 год за второто. Ова покажува дека брачниот статус и децата не е пречка за водење на деловни активности доколку постои иницијатива и спремност.

5.Кој води грижа за децата

сама	поделба на обврските	Родителите	Децата живеат посебно
1	19	5	8
3,03%	57,58%	15,15%	24,24%

Кај повеќе од половината (58%)водат грижа за децата заедно со партнерот преку поделба на обврските.



6.Кој води грижа за домот и семејството

сама	поделба на обврските со партнерот	Родителите
7	27	4
18,42%	71,05%	10,53%



Кај ¾ од анкетираните обврските за грижата за домот ја

делат со партнерот а само 18% обврските се на товар на жената, што значи дека жените претприемачи се поеманципирани и имаат поголем респект од своите брачни партнери.

7.Колку време во текот на денот поминувате на работа

8 часа	Од 8-10 часа	Повеќе од 10 часа
10	20	8
26,32%	52,63%	21,05%



Просечно половина од жените претприемачи поминуваат помеѓу 8-10 часа на работа.
61% имаат 2-4часа слободно време во текот на денот а 18,5% помалку од 2 часа. Повеќето од слободното време го посветуваат на домот и семејството, што ни покажува дека жените имаат многу малку време за себе.

8.Колку слободно време имате во текот на денот

Помалку од 2 часа	Од 2-4 часа	Повеќе од 4 часа
7	23	8
18,42%	60,53%	21,05%



Б.Податоци за фирмата/претпријатието и претприемачот

1.Започнување на самостојната деловна активност, возраст и статус во моментот на почеток

Кога е основано претпријатието?

1990	1991-2000	После 2001
7	8	15
23,33%	26,67%	50,00%

Половина од број на фирми на жените претприемачи се отворени после 2001, додека во предходниот период подеднакво се отворени фирми од жените претприемачи(пред 1990 -7 , од 1991-2000 8фирми) што значи дека се зголемува интензитетот на отворање на свои бизниси од страна на жените претприемачи и јакне свесноста дека не мора да се бара вработување во друга фирма туку дека проблемот на невработеност и лична егзистенција се бара со отворање свој бизнис.



Возраст во време на започнување со приватен бизнис

18-28	29-39	40-49	Над 50
17	17	4	0
45%	45%	11%	0%

Во време на започнување со сопсвен бизнис жените во најголем дел биле на возраст од 18-28 г. 45% и од 29-39 г. 45%. Ова покажува дека во исто време може да се води сопствен бизнис или да се управува и да се формира семејство и да се подигнуваат децата-што значи дека не треба да се одложуваат бракот и децата заради започнување и развој на своја деловна активност.

Работен статус во моментот на започнување со приватен бизнис

Во тек на студиите	невработена	Вработена во приватна фирма	Вработена во општествена фирма
3	14	12	9
8%	37%	32%	24%



Започнувањето на свој бизнис најголем дел го започнале како невработени 37% и вработени во друга приватна фирма32%. . Половината го продолжиле веќе започнатиот семеен бизнис, додека 29% започнале бизнис со својот брачен другар.

2.Начин на започнување на бизнисот
Како го основавте бизнисот?

сама	Со партнер/ка	Продолжување на Фамилјарен бизнис
8	11	19
21%	29%	50%



Чија беше идејата да започнете приватен бизнис?

моја	На партнерот	На Родителите	Заедничка со партнерот
14	4	4	16
37%	11%	11%	42%

Најчесто заедничката идеа со партнерот/брачниот другар била поттик за започнување на приватен бизнис 42%, додека во голем дел 37% идеата на жените претприемачи била иницијатор. 9 жени (23%)се вработиле во фирмата на патнерот,додека во 6 случаи (15%) жената претприемач го вработила партнерот во фирмата. Значи дека заедничката идеја на семејна основа ги рефлектира јаките семејни односи и семејни карактеристики и во деловните односи и му дава поголема стабилност, посветеност, одговорност и одржливост на така започнатиот бизнис.

2. Големина на фирмата, дејност и активности
Големина на фирмата

	микро	мало	средно
Број на вработени во претпријатието	30	8	0
Годишен обрт на претпријатието во последната година	28	10	0
	< 10 вработени <50.000е	< 50 вработени <2.000.000е	<250 враб. <10.000.000е



Според бројот на вработени 80% од фирмите на жените претприемачи се микро претпријатија , додека според големината на обрт на средства 27% се мали претпријатија.
Најголем дел од анкетираните отпаѓаат на трговија 38%, туризам 17%, угостителство 10%, 7% здравств, 5%фармација и други. Од нив 55% се управители, 13% заменик директор, 13% работат во

комерција а 13% се само сопственици. Во фирмата извршуваат активности од сферата на управување и администрација ,комерција, финансии, логистика и организација на производство.

B.Специфични податоци за бизнисот

1.Мотив за започнување на бизнисот

Обезбедување с-ва за живот за себе	Обезбедување с-ва за живот за семјеството	Обезбедување с-ва за децата	Докажување на своите деловни способности	профит	Развој на идеа, хоби или вештина	Постигнување независност „сама свој шеф“
9	22	1	7	4	3	2
19%	46%	2%	15%	8%	6%	4%

Повеќето жени претприемачи започнале со свој бизнис за да обезбедат с-ва за егзистенција за семејството 46%, средства за себе 19%, додека 15% ги мотивирало докажувањето на своите професионални способности.



Најголем дел од анкетираните жените претприемачи капиталот за почеток на бизнис го обезбедиле од банките 28%, додека 23% вложиле свој личен имот.

2.Како го обезбедивте почетниот капитал за претпријатието

Барав дејност за која не треба голем капитал	Вложив имот на моите родители	Вложив имот на мојот брачен /вонбр. партнер	Вложив личен имот	Позајмив од родители/ пријатели	банки и др.
4	8	5	11	6	13
9%	17%	11%	23%	13%	28%

Најголем дел користеле кредити од Стопанска банка 31%, Тутунска банка 23%, Прокредит банка 19%, Уни банка 12% , додека во 1 случај зеле кредит од Охридска и Алфа банка .
Долгорочни кредити користеле 44% а краткорочни 22% од претприемачите. Кредитите ги користеле за инвестирање 53% и за обртни средства 23% .

3.Состојба на бизнисот

период	опаѓање	стагнација	пораст
2010-2011	7	17	14
%	18%	45%	37%



Моменталната состојба во работењето на жените претприемачи е без значителни промени на ниво од предходните периоди 45%, кај 37% има пораст, додека кај 18% е во фаза на опаѓање.

4.Со кои проблеми се соочувате во бизнисот?



Жените претприемачи не ги посочуваат како значителни проблеми немањето на самодоверба, недостаток на информации, знаење и искуство, како и проблемот на дискриминација. За нив најголеми се проблемите со немање квалификувана работна сила, законската регулатива и даночната политика како и недостатокот на финансиска подршка на ниво на држава и недостапни извори за финансирање.

Како други значајни проблеми жените претприемачи ги потенцираат проблемите со ликвидноста и наплатата 44%, намалената потрошувачка 13% и слабата посетеност на туристичките капацитети 25%.

Како други проблеми спомнати се проблемот со нелојалната конкуренција и потреба од простор за изградба на нови производни хали.

5. Дали добивате поддршка од локална самоуправа?

На прашањето за подршката што ја добиваат претприемачите од општината 84% одговориле дека воопшто ја нема а 11% дека е многу мала. Оние кои одговориле потврдно добиле помош во добивање информации.

6.Дали добивате поддршка од други организации при водењето на бизнисот?

Организација/институција	Воопшто нема	мало	доволно	одлично
Меѓународни организации и институции	34	2	2	
Приватни консалтинг фирми	30	2	6	
НВО	31	5	2	
Банки	25	7	6	
Државни институции	34	2	2	
Деловни здруженија и стопански комори	30	3	5	





И во однос на подршката од другите инситуции во голем процент подршката за жените претприемачи воопшто ја нема. Најголема подршка претприемачите добиле од банките, граѓанските организации, приватните советодавни консалтинг фирми и деловните здруженија и стопански комори. Дел од жените претприемачи ја спомнаа соработката со АВРМ и АППРМ како продуктивна.

Од тоа 35% отпаѓа на обуки, 30% на финансиска помош и 20% на информации.

II. Истражување на потенцијалот за прекугранична соработка

1.Дали во текот на вашата работа имате соработка со прекугранични бизниси?

често	понекогаш	Многу ретко	никогаш
6	10	19	3
16%	26%	50%	8%



Повеќето од жените претприемачи дури половината многу ретко соработуваат со бизниси од прекуграничниот регион. Најголема соработка има со регионот на Тирана 31% и Драч 12%. Дури 26% од анкетираните воопшто немаат посетено ниту еден регион во Р.Албанија, а и оние кои патувале, најповеќе патувале за туризам. Сите испитаници одговориле дека се заинтересирани за воспоставување на деловна соработка со претприемачи од Р.Албанија. Најголем дел 55% претпоставуваат дека условите за соработка се средни ,пред се поради недостаток на информации и нивна претпоставка е дека има некакви услови. Локалните бизниси би соработувале во сферата на трговија 39%, туризам 26%, здравство 11%,и градежништво, услуги и инвестиции 5%.

2.Дали сте заинтересирани за соработка со бизниси од прекуграничниот регион?

да	не	незнам
38	0	0
100%	0%	0%

3.Дали има можноста за соработка со бизниси од прекуграничен регион?

одлични	добри	средни	лоши	Многу лоши
7	10	21	0	0
18%	26%	55%	0%	0%



4.Кои се вашите предности за прекугранична соработка?



Предностите на локалните бизниси на жените претприемачи се во конкурентните цени на домашните производи (16) и нивниот висок квалитет (26) како и користењето на информатичката технологија и интернетот кои го олесуваат работењето и комуникацијата (19). Други предности би биле близината на пазарот а со тоа и брза и навремена услуга-испорака. Воспоставените стандарди за животна средина за производи од сферата на преработувачката-прехрамбената индустрија и земјоделските производи се исто така позитивен префикс за воспоставување на деловна соработка .

5.Кои се пречките за развој на прекуграничната соработка?

Различните општествени, културни и религиозни ставови жените претприемачи воопшто не ги гледаат како пречка (35), додека слабата комуникација со прекугранични партнери и бизнис мрежи од другата страна на границата и недоволното искуство во меѓународното работење , претставува значаен фактор (19,13). Најевидентна пречка за голем број од бизнисите е непознавање на јазикот .

6.Кои би биле придобивките за вашиот бизнис од воспоставување на деловната соработка?



	Запознавање на нови култури	влијание на жените на општест-полит. процеси	Поголемо влијание на жените на економ. процеси	Размена на искуства И знаењето	Креирање нови работни места	Зголемување на обемот на работење	Зголемување на профитот
големи	13	9	8	24	13	14	17
средни	9	6	6	9	9	18	15
мали	8	12	15	2	7	4	6
нема	8	11	9	3	9	2	0

Најголеми би биле придобивките од воспоставување на деловна соработка во делот на размена на знаење и искуства (24), зголемување на профитот (17), зголемен обем на работа (14) и креирање нови рабнотни места (13).

7.Можни сектори/активности во кои наједноставно може да се воспостави деловна соработка?



	Заедничко привлекување на инвеститори	Партнерства - Заедничко вложување	Заеднички настап на саеми	Заеднички настап на пазари	Размена на информации, знаење и технологии	Увоз на суровини и репроматеријали	Увоз на готови производи и услуги	Извоз на готови производи и услуги	Извоз на суровини и репроматеријали
лесно	0	0	5	5	12	3	2	3	4
возможно	16	14	26	21	23	16	12	15	9
тешко	15	16	4	7	1	6	13	6	9
неможно	7	8	3	5	2	13	12	14	16

Најлесно би се воспоставиле активностите за размена на информации, знаење и технологии (12), заеднички настап на саеми(26) и пазари (21) увоз на репроматеријал, привлекување инвеститори и извоз на готови производи. Локалните фирми на жените претприемачи најповеќе би работеле на заеднички увоз и извоз 17%, трговија 14%, продажба на свои производи 9% и понуда на туристички капацитети 14%.

На прашањето дали би учествувале на обуки и воспоставување на деловна соработка со бизниси од Р.Албанија 95% од бизнисите на жените претприемачи одговориле потврдно. Само 2 испитанички одговориле негативно.

АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА – ВРЗ ОСНОВА НА ИНТЕРВЈУТА НА РЕЛЕВАНТНИ ЧИНИТЕЛИ НА ЗАЕДНИЦАТА

Од интервјуирањето на релевантните претставници на локалните власти, агенции, подрачни единици на министерства, граѓански организации и банки на прашањето за тоа кои се предностите за работа на претприемачите во Општина Струга и посебно на жените претприемачи, одговорите се дека тоа е географската лоцираност на регионот, природните ресурси (езеро, река,шуми,земјоделски површини) чистата еколошката средина, со добар проток на луѓе и финансии (туристи, лица на привремена работа во странство), како и близина на аеродромот и граничниот премин со Р.Албанија. Генерална оценка на интервјираните е дека жените претпримачи се покомуникативни и поупорни за разлика од мажите.

Проблемите со кои се соочуваат жените претприемачи во Општина Струга се идентификуваат во неедуцираност за претприемачки активности, неквалификувана работна сила, проблеми со чести измени во законската процедура, нелојалната конкуренција и сивата економија на локално и национално ниво, ликвидноста на фирмите(неможност и доцнење на наплата). Затвореностна пазарот (се мисли на локално ниво) и централизираност на пазарот(на национално ниво) е еден од поевидентните проблеми кошто резултира со немање нови инвестиции и стагнација на локалната економија, локалните бизнисивоопшто не се промовираат, немаат маркетинг пристап, па многу малку клиенти надвор од локалниот пазар се информирани за нивното постоење. Друг проблем е тешкиот пристап до капитал, пред се поради самото работење на фирмите кои плаќањата во голема мера ги вршат вон банкарски(во готово), книговодственото работење е неадекватно и со лош квалитет, што се одразува на добивање неадекватна слика за деловното работење на бизнисот и резултира со неможноста да се добијат кредити од банките. Лоша локална инфраструктура (патишта, паркинзи, осветлување, хигиената) и национална (патна инфраструктура и) се дел од причините за недоволен развој во деловната размена и посебно во туризмот. Нема организиран настап на ниво на сектори, деловни мрежи,здруженија и комуникација на ниво на бизниси. Стереотипите во однос на жената и нејзиното место во семејството и традиционалните патријахални односи се присутни и посебно изразени во руралните средини. Институционални проблеми како организацијата на работата на градинките, училиштата кои работат со работно време кое и одговара само на машката популација ја истоштува жената претприемач која постојано е со обврски и нема слободно време за себе.

Во делот на потребите на жените претприемачи во Општина Струга, посебно потребите во делот на обуки посочени се како приоритетни обуките за проценка на сопственото работење, деловна кореспонденција и водење архива на документи, обука за увоз извоз, маркетинг и промотивни активности, бизнис планирање и основни обуки од областа на претприемништвото, истражување на пазарот и работа со финансии. Генерално од сите интервјуирани напоменато беше дека било какви обуки за овие бизниси се добредојдени бидејќи нивото на едуцираност е на доста ниско во било која сфера.

